# MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
## THE ARCHBISHOP'S CABINET


No. 42
Skopje 29.06.2018

До
**Организаторите и домаќините на манифестацијата „Денови на светите Кирил и Методиј“**

*Почитувани,*

Светите Кирил и Методиј, апостолите на Европа и просветителите на словенскиот род, со своето епохално дело задолжија повеќе европски народи, па и нас современите потомци, да останеме еднодушни во *словото на Вистината*, со кое тие нè облагородија и нè впишаа во историската меморија на човештвото, но, уште поважно, нè приведоа кон вечната слава на Небесата.

Затоа, да не ги заборавиме вредностите на кои бевме поучени, да не го заборавиме трудот вложен за добробитот на сите кои се просветлија со нивното слово, па имајќи го пред очи нивниот подвиг, да останеме вистински продолжувачи на рамноапостолното дело. Впрочем, покрај другото, токму и преку манифестациите слични на Вашата – кога во посебни денови се посветуваме, твориме и говориме преку најразлични форми за Светите браќа, ние барем со малку им се оддолжуваме за нивната жртва и труд во просветата на словенските народи.

Исто така, особено Ви се заблагодаруваме за поканата, во 2019 лето Господово да присуствуваме на културно-духовната манифестација „Денови на светите Кирил и Методиј“, што за нас како Црква, но и како православен народ, кој своите духовност и црковност во најголема мера им ги должи на светите Кирил и Методиј и на нивните свети ученици, претставува особена чест. Имено, и Охрид и Македонија достојно го чуваат нивниот спомен!

Посакувајќи Ви успешен тек на манифестацијата, Ве поздравуваме со братски целив во Христа Воскреснатиот.

Со Божји благослов,

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

Стефан


bul. Partizanski odredi br. 12
1000 Skopje, Republic of Macedonia
www.mpc.org.mk
www.spe.org.mk

tel./fax: ++389 (0)2 313 66 31
e-mail: mpc@mpc.mk
arhiepiskop@mpc.mk